**РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

Градски sид блок 5 П.Фах 14
1000 Скопје, Република Македонија
radioamaterskisojuz@gmail.com
www.z37rsm.org.mk

**RADIOAMATEUR SOCIETY OF MACEDONIA**

Gradski zid blok 5 P.O. Box 14
1000 Skopje, Republic of Macedonia
radioamaterskisojuz@gmail.com
www.z37rsm.org.mk

До
ИО на РСМ
Скопје

10ти Куп на Европа и 5то Балканско првенство во HST,
Известување, д о с т а в у в а .-

Почитувани

Во периодот од 31.мај до 4.јуни 2017 година во Дојран (хотел Полин) се одржа 10ти Куп на Европа и 5то Балканско првенство во брз прием и предавање на Морзеовата азбука (high speed telegraphy). Домаќин на овие првенства беше Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, кој успеа да ја добие организацијата на овие 2 големи настани.

10ти Куп на Европа и 5то Балканско првенство во брз прием и предавање на Морзеовата азбука (high speed telegraphy) се отворени од страна на Претседателот на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, г-дин Миле Кокотов и членот на Извршниот комитет на Меѓународната радиоаматерска унија, г-дин Оливер Табаковски.

На отварањето на 10ти Куп на Европа и 5то Балканско првенство во брз прием и предавање на Морзеовата азбука (high speed telegraphy) присуствуваа претставници од Агенцијата за електронски комуникации, радиоаматери од Република Македонија и многу пријатели на Радиоаматеризмот.

На овие 2 големи настани присуствуваа претставници од следните држави:
- Романија (13 натпреварувачи + 1 судија)
- Белорусија (13 натпреварувачи + 1 судија)
- Бугарија (2 натпреварувачи + 4 посетители + 1 судија)
- Германија (1 натпреварувач + 1 посетител)
- Швајцарија (2 натпреварувачи)
- Италија (1 натпреварувач + 1 поетител)
- Унгарија (2 натпреварувачи + 2 посетители)
- Србија (1 натпреварувач)
- Русија (6 натпреварувачи)
- Македонија (5 натпреварувачи + 1 судија + 7 организација)

Цената на пансионските услуги изнесуваше 1400.00 денари по ден, односно 5600.00 денари за времетраење на натпреварот. Котизацијата која ја плаќаа натпреварувачите изнесуваше 150 евра за сместување во 2-креветна соба, односно 170 евра за еднокреветна соба, а за посетителите беше 120 евра.

Вкупните приходи по основ на котизација изнесуваат **451990,00 денари**, а расходите се по следното:

- Пансионски услуги и мал коктел за отварање........................................... 376.971.00 ден
- Медали и пехари ............................................................................ 46.374.00 ден
- 15 тастатури x 240.00 ........................................................................ 3.600.00 ден
- Вкупно гориво и патарини за организација на настанот ........................... 6.000.00 ден
- Потрошен материјал (хартија, напонски кабел) ....................................... 1.000.00 ден
- Останати трошкови (монтажа и демонтажа на мрежа) ............................. 2.500.00 ден

**ВКУПНО ................... 425.845.00 ден**

Во пансионските услуги имаме 45 лица кои платија котизација по 150 евра, 1 лице котизација од 170 евра, а 1 лице од Романија уплати 30 евра само за учество во натпреварот бидејќи имаше обезбеден смештај кај свој пријател во Дојран. Посетителите имаа одредена сума од 120 евра.

Меѓународните судии го покриваат трошокот за доаѓање до Дојран, а сместувањето – пансионските услуги, ги покрива организаторот.

Од страна на хотелот, за организацијата на натпреварите беа дадени 2 комплетни пансиона гратис. За коктел – отварање на првенствата, се потрошени 5.500,00 денари, кои се влезени во пансионските услуги.

Изработени се вкупно 270 медали, од кои 150 беа за 10$^{ти}$ Куп на Европа и 120 за 5$^{то}$ Балканско првенство. Обезбедени се вкупно 6 пехари (по 3 за секое првенство). Дипломите (350 за 10$^{ти}$ Куп на Европа и 300 за 5$^{то}$ Балканско првенство) и благодарниците (30) се принтани гратис.

Исто така, гратис е обезбеден за укоричување на билтените за 10$^{ти}$ Куп на Европа и 5$^{то}$ Балканско првенство во Гевгелија.

Во делот за гориво и патарини се пресметани 3 возила, односно 1 возило за подготовка и поставување на LAN и напонската мрежа (27 мај 2017 – Звонко Стаменков, Ѓорѓи Поп Ѓорѓиев, Оливер Табаковски и Златко Андонов) и 2 возила за пренос на опремата и техниката за одржување на натпреварите (31 мај и 4 јуни 2017 година).

Добивката за РСМ од овие првенства изнесува 26.145,00 денари. Ако на овие средства ги додадеме и средствата кои наменски за првенствата ги даде Народна техника, во износ од 35000.00 денари, се вкупната добивка би била 61.145,00 денари.

Во оваа прилика морам да истакнам дека нашата репрезентација, како и организациониот одбор се пресметани во вкупните трошкови, односно покриени се со котизацијата која ја плаќаа натпреварувачите од странство. Со други зборови, целата организација и натпревар се покриени од самите првенства и останата е некоја мала добивка за РСМ.

Ако на ова додадеме дека со одржувањето на Светското првенство во HST, РСМ се здоби со комплетна LAN и напонска мрежа и со слушалки, а сега се набавени 15 надворешни тастатури, можеме да констатираме дека полека е комплетирана училница за HST.

**РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

Градски ѕид блок 5 П.Фах 14
1000 Скопје, Република Македонија
radioamaterskisojuz@gmail.com
www.z37rsm.org.mk

**RADIOAMATEUR SOCIETY OF MACEDONIA**

Gradski zid blok 5 P.O. Box 14
1000 Skopje, Republic of Macedonia
radioamaterskisojuz@gmail.com
www.z37rsm.org.mk

За организацијата и текот на натпреварите, самите учесници искажаа голема благодарност и многу пофалби. Не се искажани никакви забелешки и незадоволства на гостите и екипата на РСМ.

За време на натпреварите се поставени 2 нови Светски рекорда, што секако влијае на квалитетот и оцената на првенствата, како и довербата која ја стекнува РСМ во IARU.

Во оваа прилика би сакал да го споменам и организациониот тим кој работеше за успешно одржување на овие првенства, тоа се:

- Миле Кокотов/Z33T – Претседател на РСМ
- Звонко Стаменков/Z35W – секретар на РСМ
- Ѓорѓи Поп Ѓорѓиев/Z33RW - менаџер за HST
- Златко Андонов/Z30A – менаџер за HF
- Добрица Петковиќ – Боби/Z31B
- Венци Ристов/Z39Z
- Благој Љатев/Z35F
- Оливер Табаковски/Z32TO – член на Извршен комитет на IARU Region 1

Со почит

Радиоаматерски сојуз на Македонија
секретар
Звонко Стаменков/Z35W